# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 21 Декември 2021 година<br>Скопје<br>Бр.17 Год. XVI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализацијана ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m"....................стр.2

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m"**

**Се објавува Одлуката за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m", што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на советот, одржана на ден 21.12.2021 година.**

**Број 09-2291/1**
**од 21.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 5-тата седница одржана на ден 21.12.2021 година , донесе**

**О Д Л У К А**
**за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: “Изградба на атмосферска канализацијана ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m”**

**Член 1**

**Се одобрува користење на преостанатите неискористени финансиски средства од Договор за под-заем бр.МСИП2-29 склучен помеѓу општина Ѓорче Петров и Министерство за финансии на 12.04.2021година, наменети за реализација на под-проектот “Ре/конструкција на различни улици во урбаните средини на општина Ѓорче Петров”.**

**Вкупниот износ на финансиските средства кои остануваат неискористени од овој под-заем се во износ од 13,669,727.00МКД и истите да бидат искористени за реализација на проектот “Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m”.**

**Член 2**

**Вкупна вредност на проектот за “Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка (ТРЕТ дел од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00) во должина од L=1.115,00m” изнесува 17,135,952.45МКД. Сите средства потребни за реализација на овој проект, покрај износот на неискористените средства, се обезбедени и од буџетот на општина Ѓорче Петров преку Одлука за кофинансирање бр.08-136/7 од 29.01.2021год. на износ од 4,256,685.00 МКД.**

**Член 3**

**Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 08-2173/7 од 09.12.2021 година („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ број 16/21).**

**Член 4**

**Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.**

**Број 08-2290/3** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 21.12.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**